**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.08-31
Скопје 05.03.2020 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-91 од 20.02.2020 година, на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Предлогот Уп1 бр.08-91 од 05.03.2020 година на директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-1002/7 од 05.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 05.03.2020 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-91 од 20.02.2020 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 21.02.2020 година, со Заклучок, бр.02-718/15 од 21.02.2020 година, го усвои предлогот на овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-91 од 20.02.2020 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот арх.бр.05-657/1 од 17.02.2020 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 21.02.2020 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-91 од 21.02.2020 година, со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На 04.03.2020 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување, наш арх.бр.05-657/2 од 04.03.2020 година дека Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, на 04.03.2020 година извршило уплата во износ од 766.795,00 (седумстотинишеесети шестиљјадиседумстотинидеведесетипет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-91 од 20.02.2020 година, на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Предлогот Уп1 бр.08-91 од 05.03.2020 година на директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-1002/7 од 05.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 05.03.2020 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).